
ИНА НАТАЛНА КАРТА

Астролог: Симеон Атанасоски



Постојат два основни астролошки системи тропски, западен, кај нас во широка употреба, и индиски, сидерален.Во мојот врв на западната астрологија истата ја напуштам бидејќи стана тесна за она што јас го очекував од астрологијата. Продолжувајќи пред десетина години, преку изучување на индиската астрологија позната како Џотиш или во превод наука за светлоста божја се уверив во нејзината прецизност, корисност и реалност. Овој "простор" во "Ина" ќе се обиде да ви го осветли патот по кој чекорите и да ве промени во потрага по вашата суштина на постоење.

Упорност, комуникација и емотивност!

Џотиш-Индиска астрологија

Игор Џамбазов е роден под влијание на Месечината во огнениот и пионерски знак на Овен или по индиски Меша број 1, додека среќната ѕвезда на раѓање е Бхарани-чиј владател е Венера. Неговата популарност се должи на Амала јога, владателот на подзнакот. Месечината е сместена во полето 10, кое кореспондира со јавноста!

Бхарани-среќната ѕвезда на Игор

Оваа ѕвезда е поврзана со силна волја, способност да се издржи, самоконтрола и дисциплина. Дава вистинољубивост, моралност и должност кон постарите. Бхарани има слично влијание на Раху (сокрива и затемнува) за да откриe и ослободи.

Дисциплина и самоконтрола, силна волја, да придржува, да прифати, да совладува, да управува, да се биде лојален-верен, дава цврстина и истрајност, да се бори-натпреварува, да подигне глас, да наградува, поврзаност со маси и голем број луѓе, да носи товар, да казни-да награди, да присвои со борба, да се земе под наем, да управува, да се биде "пионер" во некоја област.

Психологија

Брз интелект, секогаш подготвен за шега, најуспешен на куси релации, директен-нема време за губење, но понекојпат непромислен по народната "што на ум...". Кардинална природа (движењето е карактеристика на знакот), натпреварувачки дух-да се биде најдобар и прв! Месечината е сместена во огнен знак, а потребата за "воздух" во наталната карта е изразена преку стелиумот на планетите во знакот на Близнаци. Тоа дава личност на која "алатки" за работа ѝ се информацијата и говорот, поточно секаков вид на информации, како и пренос на истите до широките народни маси.

Додека Џамбазови за "првпат" го чекале новиот член на нивната фамилија Месечината била поставена високо над Скопје (во зенитот) и најавила дека роденият ќе има популарност и познатост широко низ Македонија! Месечината е високо во 10-тото поле и ја создава т.н. Амала Јога, која дава успех, просперитет и филантропски однос во животот. Подзнакот е Рак (Катака во индискиот зодијак), додека најсилната планета Марс е силно етаблирана во 5 поле од Месечината, кое кореспондира со јавноста, гламурот и сите видови игри и забави (во Лав).

Неговата натална карта е школски пример на детерминиран успешен хороскоп! Има 3 т.н. кралски позиции, кои ги имаат исклучителни личности. Првата е Бхадра панча пуруша јога-Меркур во Близнаци (варготама) елоквентност и комуникативност во сите 4 правци од местото на раѓање, Шаша панча пуруша јога-силниот Сатурн во 7 поле и во Јарец (договори со моќни и богати лица-поволност од западна и јужна страна) и Хамса панча пуруша-силниот Јупитер во своето седиште во Риби во 9 поле (патувања, странци и странство). Ако на ова се додаде силното влијание на Марс во двојна улога како јога карака и атма карака "сликата" на силниот хороскоп е целосна! Сите родени на 14 и 15 јули 1963 година кога е роден Игор, имаат или ќе имаат успешен хороскоп, а посебно доколку се во добри односи со татко (да нема негативна фамилијарна карма)!

Старите текстови велат дека ќе добива признанија од секаде, дека неговото име и презиме ќе бидат во јавноста и дека ќе бидат назначени државни (кралски) проекти со негова асистенција!

Дедека ја изработував наталната карта на Игор се сетив дека се запознавме во 1999 година (кратко ги побарав неговите податоци на раѓање), а тој збунето, но љубезно ми ги даде. Интересно е дека при допирот со индиска астрологија (1999) неговиот материјален статус нагло почнува да се зголемува, што се потврди со последниот разговор кога извршивме корекција на времето на раѓање. Периодите на животни промени од минатото се сложија и моментално Игор е под детерминирано силно планетно влијание на Марс, кое ќе му даде успех до 2006 година. Потоа, планетните транзити и периоди радикално ја менуваат енергијата и секојпат пред да настапат промените се советува на "благ" премин во новиот животен циклус!

На самиот допир 2005-2006 година извесни се фамилијарни промени кои се поврзани со таткови релации и се советува превентивно и предвреме да се реагира, доколку се појават здравствени проблеми на близок член од фамилијата. Воедно, нека се внимава при патувања во ноември-декември и април-мај 2005-2006 година. Посебна претпазливост во сите четврти на месечината!

2006 е година на промени!!!

Следи можна промена на живеење (преселба), договори со телевизиски и сателитски канали (Раху-Меркур), програма која кореспондира со "ретки" професии и "непознати" успешни луѓе во сите слоеви на општеството?! Дали ќе биде квиз, ток шоу, преку кои сите заработуваат со привлечни, но чудни награди или "метаморфоза" на бинго и слични игри на среќа останува да се види! Новина ќе биде работата со помлади (донации) и подучување на занаетот и отворање некаков вид школа, студио или семинарски презентации!

На емотивно поле можно е проширување на фамилијата Џамбазови за уште еден член до 2006, но треба да се напомне дека Сатурн е во петто поле од Месечина и дава одредени потешкотии на овој план!?

Животниот пат му се дели (деловно, емотивно, здравствено) 2006, 2016 и после 2023 година! Доколку мирно ја проследи енергијата на планетите, го очекува напредување и успех во животот во повеќе полиња.

Долгорочни прогнози:
успех и популарност

со мали прекини во континуитет до 2006 година

извесни решливи потешкотии во младите и полни Месечини во март-април 2004 година

ноември 2004 година

јануари 2005 година

ноември 2005 година

